# Б И Л Т Е Н

## НА

## ИНСТИТУТОТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА, ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА – ИЕГЕ

Број 6

Скопје, 12 декември 2024 година

## Содржина на БИЛТЕН број 6 од 12 декември 2024 година

1. Реферат за избор на виш научен соработник во научно поле Општествени науки, подрачје Економски науки при Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ...........................................................3

# РЕФЕРАТ

## За избор на виш научен соработник во научно поле Општествени науки, подрачје Економски науки при Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ

Научно-истражувачкиот совет на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ, на седницата одржана на 15.11.2024 година, во врска со Конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 30.10.2024 и „Koha Ditore“ на 30.10.2024, формира Рецезентска комисија за избор на соработник-истражувач во научно поле Економски науки во состав: проф. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска, претседател, проф. д-р Владимир Петковски, член и проф. д-р Ангелина Танева-Вешоска, член.

На распишаниот конкурс за избор на виш научен соработник во научно поле Економски науки се пријави кандидатот д-р Славица Трајковска. По разгледување на поднесените документи, Рецензентската комисија на Научно-истражувачкиот Совет на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ му го поднесе следниов:

## ИЗВЕШТАЈ

### 1.1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Славица Трајковска е родена на 19.12.1967 година во Вишеград, Р. Црна Гора. Основно и средно училиште завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Правниот факулет при ФОН Универзитет во Скопје се запишала во 2005 година. Дипломирала со просек 9,08 во 2008 година и се стекнала со назив дипломиран правник.

На последипломски студии на Економски институт-Скопје, УКИМ, се запишала во 2009 година на насоката Меѓународен менаџмент. Сите предвидени испити ги положила со успех и ги завршила последипломските студии со просек 9,00 и на 22.05.2012 година  година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов **„Визијата на Европа за конкурентската предност на економијата базирана на знаење“** под менторство на проф. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска и се здобила со звање магистер на економски науки . После завршување на последипломските студии во 2013 година се запишала на Школата за докторски студии при УКИМ, Скопје, студиска програма: Економски науки. Во март, 2015 година ја пријавила тезата за докторска дисертација, а на  24.10.2019 година ја одбранила докторската дисертација под наслов **„Економски придобивки од вложување во знаење и човечки капитал – студија на случај Градежен Институт Македонија“** под менторство на проф. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска.

Д-р Славица Трајковска има повеќе од 30 години професионално искуство работејќи на повеќе менаџерски и научноистражувачки позиции. Во 2014 година на иницијатива и визија на д-р Славица Трајковска, Градежниот институт МАКЕДОНИЈА АД Скопје го основа Приватниот научен институт за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ. Од 2014 до 2015 година д-р Трајковска работи како директор при Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ. Од 2015 година до денес д-р Трајковска е менаџер и истражувач за знаење. Таа е иницијатор и менаџер на голем број организациски процеси за развој, како поставување на систем за менаџирање на знаење во компании, почнувајќи со мапирање на знаењето, развој и управување, преку градење на организациска култура и поттик за развој на организација која учи. Фокусот во овие процеси е применливоста на знаењето, како и додадената вредност од магистерски и докторски трудови и зголемување на конкурентноста на организациите во економијата базирана на знаење.

Д-р Славица Трајковска има големо искуство во менаџирање на проекти (национални и меѓународни), организирање на кампањи, настани и други промотивни активности. Таа е вклучена во развојот на повеќе едукативни програми за доживотно образование, кои се темелат на претходно направени анализи на потребите на пазар на труд и барањата на индустријата.

Исто така, таа е истражувач во областа на економските науки и организациските науки. Д-р Трајковска има учествувано во голем број меѓународни проекти, финансирани од различни ЕУ програми (Еразмус+, Хоризонт 2020, ИПА и др.):

- ARSINOE - Климатски одржливи региони преку системски решенија и иновации (2021-2025)
- CATALYST - European VET Excellence Centre for Leading Sustainable Systems and Business Transformation (2022-2026)
- Green Vineyards - Upskilling wineries staff: Responding to the challenges of climate change (2022-2024)
- Energy – wellness health program (2022-2024)
- Resonate - Professional Courses in Sustainable Water Management (2019-2021)
- Enable - Embedding collaborative platform for upskilling and networking toward sustainable cities (2019-2021)
- Digirur - Stay rural and successful in the digital era (2021-2023)
- Promoting academia-industry alliances for R&D through collaborative and open innovation platform All4R&D (2018 - 2021),
- Energy Efficiency - BIMcert (2017 - 2020),
- Joint Program for Sustainability Leadership – PoSsibLe (2016-2018),
- Developing marketing solutions for sustainable brands - DiMenSion (2017 - 2019),
- Education for young researchers (2016),
- Developing Management and Leadership Skills for Engineers – MLS4Eng (2015-2017).

Во рамки на овие проекти, д-р Трајковска има улога на истражувач- учествува во анализа на пазар за потребите од знаења, анализа на стандарди и едукативни програми, развој и имплементирање на нови програми, како и креирање планови за нивна одржливост.

## 1.2. Научна дејност

### 1. ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

Во доменот на научно-истражувачката работа, д-р Трајковска своето внимание го има насочено кон истражувањата од областа на економските науки и менаџментот. Работејќи самостојно или во тим со колеги истражувачи, д-р Трајковска ги има објавено следните научно-истражувачки трудови:

- **Innovative model for development of learning organisations through KM and intellectual capital, Trajkovska, S., Taneva-Veshoska, A., Trajkovski, S.**

Во декември, 2020 е објавен научен труд "Innovative Model for Development of Learning Organisations through KM and Intellectual Capital" од авторите Славица Трајковска, Ангелина Танева-Вешоска, Сречко Трајковски, во книгата: "6th Knowledge Management and Intellectual Capital Excellence Awards 2020: An Anthology of Case Histories", ISBN 978-1-912764-83-9, Academic Conferences International Limited, Reading, RG4 9SJ, United Kingdom.

Моделот презентиран од ГИМ и ИЕГЕ наречен „Иновативен модел за развој за организација која учи преку менаџмент со знаење и интелектуален капитал" беше прогласен за најдобар во светски рамки, избран помеѓу финалисти од САД и Русија. За овој труд, во декември 2020 година, е освоена прва награда на натпреварот: 6th Knowledge Management and Intellectual Capital Excellence Awards. Оваа награда се доделува на годишно ниво, на најдобрите светски практики за менаџмент на знаење и интелектуален капитал, како дел од Европската конференција за менаџмент на знаење, која е најстара конференција во оваа област во Европа.

На натпреварот учествуваа ГИМ и ИЕГЕ и се стекнаа со награда за Менаџмент на знаење и интелектуален капитал на светско ниво со моделот КО-ИН. Моделот КО-ИН е холистички пристап во соработка универзитет-индустрија во земјите во развој. Во периодот 2014-2019 година се развиени и имплементирани голем број стратешки одлуки, засновани на стратегите за развој, човечки ресурси и менаџмент на знаење

иновативни активности, структурни мерки и организациски промени, засновани врз усвоените стратегии за инвестиции и развој на човечкиот капитал во ГИМ.

- **Model for Creating Sustainable Brands Through Managing Knowledge and Relational Capital, Trajkovska, S., Taneva-Veshoska, A., Antikj Georgievski, K., Trajkovski, S.**

Во овој труд е претставен модел за управување со релацискиот капитал, креиран од авторите, насловен „RE-CAP© модел“. Во него се прикажани главните аспекти на управувањето на релацискиот капитал, со посебен фокус на проценката на релацискиот капитал, воспоставувањето и негирањето на релации, развивање на систем за следење на имплементираните активности со соодветни индикатори и алатки. „RE-CAP© модел“ е иновативен модел, кој е креиран како резултат од научно-истражувачки проект спроведен во соработка на ИЕГЕ и ГИМ. Моделот ги истакнува маркетинг каналите и надворешните засегнати страни (клиентите, партнерите и соработниците) како клучни за постигнување конкурентна предност, зголемувајќи ја продуктивноста и позицијата на пазарот. За трудот „Креирање на модел за одржливи брендови преку менаџирање на знаење и релациски капитал“ добиена е 3 награда, во конкуренција за натпреварот за најдобар случај, на Европската конференција за менаџмент на знаење, натпреварувајќи се со научници од Бразил, САД, Мароко, Португалија и Германија.

- **Sustainable Competitive Advantage through Embedding Intellectual Capital in the Business Plan and Strategy, Trajkovska, S., Taneva-Veshoska, A., Trajkovski, S., Ivanov, V.**

Целта на овој труд е да се претстави сеопфатен модел за менаџирање на интелектуален капитал, интегриран во стратегијата и бизнис планот на организациите. Во него е направена квалитативна и квантитативна анализа, фокусирајќи се на избрана македонска компанија. Предложениот модел за секој капитал (човечки, организациски, структурен, релациски, процесен и иновациски) вклучува активности и индикатори за

секоја од стратегиските цели на компанијата, имајќи ги предвид организациската структура и расположивите ресури во предложениот план за имплементација.

- **A skills gaps and needs assessment for the sustainability transformation, Akinsete, E., Koundouri, P., Papadaki, L., Taneva-Veshoska, A., Trajkovska, S., Tomikj, A.**

Во овој труд, како што посочува насловот, се прикажани резултатите и препораките кои се добиени од истражувањето спроведено во С. Македонија, Австрија, Грција, Португалија и Германија, во јазот на вештини и потреби кон оддрѓлива трансформација.. Целта на истражувањето беше да се анализираат состојбите на зелена трансформација во организациите, досегашните практики и да се идентификуваат потребните знаења и вештини, за да може да се постигне бизнис трансформацијата кон поголема одржливост. Резултатите од истражувањето беа валидирани преку 5 тркалезни маси кои се одржаа во периодот од ноември до декември 2022 година, каде претставници на бизнисот, на јавни, невладини и едукативни организиации, дискутираа за предизвиците и можностите кои ги поттикнува поголемата одржливост. Дополнително, во рамки на тркалезните маси, беа дискутирани и политиките, стратегиите, потребните компетенции, изворите на финансирање и сл.

- **Catalysing Business Transformation: Leading Sustainable Development via Research Collaboration and Course Development, Papadaki, L., Akinsete, E., Koltsida, P., Taneva-Veshoska, A., Tomikj, A., Toli, E., Trajkovska, S., Kondouri, P.**

Овој научен труд прикажува методолошки пристап во анализата на јазот на потребните компетенции за одржлив развој, користејќи ги како појдовна точка креираните 70 курсеви во CATALYST центарот. Анализираните курсеви се криерани со цел да поттикнат развој на три нова, нудејќи нови знаења и развој на компетенции потребни за бизнис трансформација. Во трудот е направен преглед на креираните курсеви и целите за одржлив развој кои се опфатени во соодветниот курс, како и мапирање на избрани компетенции за одржлив развој. Потоа се истакнува потребата за поголем број едукативни иницијативи со цел намалување на јазот на компетенции и задоволување на потребите на индустријата, применувајќи иновативни методи и алакти за едукација.

## 2. КОНФЕРЕНЦИИ

Д-р Трајковска има учествувано на меѓународни конференции со свои и во коавторство научно истражувачки трудови. Учествувала на следните научни конференции во земјата и странство:

1. **11th Annual International Conference on Sustainable Development** (ICSD), 19-21 September 2024
2. **World Sustainability Conference 2023**, **Harnessing the Intersection of Food, Water, and Energy for a Sustainable Future**, 22 November, 2023, University of Birmingham, UK
3. **Sustainable International Business**, An Ideas in Practice event from Leeds University Business School, 20 November 2023, UK
4. **3rd World Conference on ENVIRONMENTAL AND EARTH SCIENCES**, 23 October 2023, London, UK
5. **24th European Conference on Knowledge Management**, 7 - 8 September 2023, Lisbon, Portugal
6. **2022 Forum on Vocational Excellence**, 15-16 November 2022, San Sebastian, Spain
7. **23rd European Conference on Knowledge Management**, 1-2 September, 2022, Naples, Italy
8. **2021 World Sustainability Conference**, Repositioning and Transitioning Global Sustainability beyond COVID-19, 13 November 2021, online
9. **21st European Conference on Knowledge Management - ECKM 2020**, Coventry University, UK, 2 December, 2020
10. **2020 Boundary Spanning Champions Forum**, 2-3 December 2020, UIIN, online
11. **8th World Sustainability Forum**, 15 September 2020, 15–17 Sep 2020, VIRTUAL, Switzerland
12. Конференција Развивање на еко вештини за зелена економија, 30 септември 2020, Скопје
13. **University-Industry Interaction Conference**, UIIN, 8-11 June, 2020, online

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ

Д-р Трајковска има учествувано како главен истражувач во следните научно истражувачки проекти од областа на економските и организациските науки:

### 1. Креирање модел за управување на интелектуален капитал за поголема продуктивност и повисока бизнис перформанса во организациите

Предмет на ова истражување, кое се одвиваше од 2019 до 2024 година, е да ги истражи ефектите на нови бизнис модели за одржлива и циркуларна економија што ги имаат во фирмите и да претстави како новите бизнис модели ќе ги променат основните парадигми на работењето на организациите од 21 век и ќе придонесат кон одржлив економски раст и развој. Посебен фокус во истражувањето беше анализирањето на состојбите во Македонија, потребите и предизвиците со кои се соочуваат фирмите кои веќе повеќе години функционираат на пазарот. Компаративната анализа на одржливи бизнис модели во други држави е искористена во давањето препораки за трансформација на македонските фирми со цел полесно да се вклопат во глобалните трендови. Со овој научно-истражувачки проект се обезбеди сеопфатна анализа на индикаторите на интелектуален капитал во Градежниот Институт Македонија - ГИМ и предизвиците со кои се соочуваат организациите да го изградат и задржат системот за управување со интелектуалниот капитал. Во таа смисла, прифаќајќи го концептот за економија базирана на знаење како појдовна основа, во научно-истражувачкиот проект се дефинираа посебните индикатори за секој од видовите капитал (човечки, организациски, релационен, процесен, иновациски) и поставување на систем за континуирано следење на овие индикатори во Градежниот Институт Македонија – ГИМ. Податоците кои се собрани, продуцираа извештаи на годишно ниво за интелектуалниот капитал, и го олеснуваат процесот на негово управување.

Моделот на управување на интелектуалниот капитал предлага збир на акции и мерки, има иновативен пристап за следење на напредокот, користејќи квантитативни и квалитативни методи. Врз основа на него, во тек е адаптирање на моделот во дигитален систем, кој ќе овозможи полесно менаџирање на знаењето, следење, известување и др. Вградувањето на управувањето со интелектуалниот капитал во дигитализираниот

систем во организацијата е предност на компанијата што носи резултати на краток и долг рок, правејќи ја организацијата на компанијата поконкурентна, поефикасна и поодржлива.

## 2. Унапредување на локална одржливост преку промена на пристапот во решавање комплексни проблеми

Предмет на ова истражување беше тестирање на иновативниот пристап за решавање на комплексни проблеми во насока на градење одржливи локални самоуправи во С. Македонија. Пристапот и методологијата применети во студијата на случај понудувајќи одржливи решенија за решавање на комплексни проблеми во општина Прилеп и општина Охрид. Со ова истражување, имплементирано во периодот од септември 2020 до декември 2023 година, се направи напор да се добијат одговори на прашањата за потенцијалот на иновативниот пристап во градење одржливи локални самоуправи, за можните пречки во примена на пристапот и како истите може да се надминат, за комплексните проблеми во локалните самоуправи и нивната историја, засегнати страни, како и досегашни обиди за решавање. Иновативниот пристап за решавање комплексни проблеми во насока на градење одржливи локални самоуправи не е само различен начин на гледање на проблемите, тој е воедно и различен начин на размислување. Логиката на овој пристап се разликува од сегашните, традиционални пристапи на размислување и пристапување на проблемите. Воведувањето на иновативниот пристап за решавање комплексни проблеми во насока на градење одржливи локални самоуправи може многу да помогне во работата на јавниот сектор при справувањето на многубројните комплексни проблеми со кои тој се соочува секојдневно. Опсежната работа со истражувањето иницираше низа иновации и активности во рамки на локалните самоуправи. Благодарение на тоа, во рамките на локалните самоуправи се одржаа низа активности кои го поттикнаа размислувањето кон одржлива локална самоуправа, која ќе прерасне во пример за одржлива локална самоуправа како модел во многу динамичните глобални и македонски услови.

## 3. Креирање модел за управување на релациски капитал

Основна цел на ова истражување е да се направи анализа на постоечките модели за релациски капитал, алатки за мерење и методи за управување, и се креира сопствен модел кој ќе биде прилагоден на условите и потребите на македонските организации. Со овој научно-истражувачки проект, кој се имплементираше од октомври 2020 до јуни 2024 година, се обезбеди сеопфатна анализа на индикаторите на релацискиот капитал и се тестира креираниот модел во Градежниот Институт Македонија - ГИМ. Беа анализирани предизвиците со кои се соочуваат организациите да го изградат и задржат системот за управување со релацискиот капитал. Во таа смисла, прифаќајќи го концептот за економија базирана на знаење како појдовна основа, во научно-истражувачкиот проект се дефинираа посебните индикатори и се постави систем за континуирано следење на овие индикатори во Градежниот Институт Македонија – ГИМ. Во раките на проектот беа анализирани ефектите од менаџирањето на релацискиот капитал на организациската перформанса, учеството на пазарот, ориентација кон претприемништво и иновацискиот потенцијал. Посебен дел во ова истражување е развивањето и проверката на разни алатки за мерењето на релацискиот капитал, дефинирање на соодветни индикатори и креирањето маркетинг решенија кои ќе го поттикнат развојот на организациите во одржливи брендови. Во рамки на овој научно-истражувачки проект беше развиен модел за управување на релациски капитал и маркетинг решенија за одржливи брендови (RE-CAP©), кој е иновативен, применлив модел кој ја резимира и потенцира потребата од управување со знаењето и информациите за релациите, како и негување и одржување на релацискиот капитал преку примена на одржливи решенија за постигнување на висока пазарна интелигенција. RE-CAP© моделот го користи знаењето кое е вградено во маркетинг каналите и односите со клиентите, партнерите, соработниците и останатите надворешни засегнати страни кои една компанија ги развива во текот на водење бизнис, за постигнување конкурентска предност, зголемување на пазарната вредност, поголема продуктивност и повисока бизнис перформанса на компаниите.

## 4. Влијание на социо-економските услови врз климатските промени во Охридско-Преспанскиот регион

Основна цел на ова истражување е да се направи анализа на состојбите во демографијата, економијата и социјалата на Охридско-Преспанскиот регион и врз неа да се процени севкупниот економски развој и потенцијал на регионот како импут врз локалните климатски промени, а имајќи ги предвид глобалните климатски сценарија. Со овој научно-истражувачки проект, кој се одвиваше од октомври 2022 до декември 2023 година, се обезбеди сеопфатна анализа на социо-економските карактеристики на Охридско-Преспанскиот регион, кој е експонирано еклатантен во однос на климатските промени.  Како таков, тој е најдобар пример за деструктивното влијанието на човекот врз климата во Македонија, од една страна и, од друга страна, е големото значење на овој регион за развојот на Македонија и како таков заслужува научно и општествено-политичко внимание.

## 4. Проекции на регионален социо-економски развој според критериуми на климатска адаптивност, отпорност и неутралност во Охридско–Преспанскиот регион

Климатските промени предизвикуваат низа зголемени влијанија врз животната средина, им се закануваат на луѓето со зголемени поплави, екстремни горештини, зголемен недостиг на храна и вода,  болести и економски загуби. Во иднина се смета дека најголемата причина за конфиктите и  миграцијата ќе бидат климатските промени. Целта на ова истражување, започнато во 2023 година, е да се направи симулација на општествено-економски проекции на Охридско-Преспанскиот регион и врз неа да се направи научно опсервирање на применливост и компарација на понудените методи на социо-економски проекции. Врз основа на добиените резултати ќе се направи селекција на стратегиите за адаптација и  да се понуди релевантен климатски одговор и адаптација на регионот.

## 5. Поврзаност помеѓу управувањето на организацискиот култура и клима во создавање организациски капитал и вредноста на организацијата

Предметот на ова истражување, започнато во 2024 година, се фокусира на анализирање на поврзаноста помеѓу управување на организацискиот капитал за поголема ефикасност и повисока бизнис перформанса во организациите. Посебен интерес во ова истражување е управувањето на организацискиот капитал, развојот на соодветни индикатори за македонските организации и креирањето на завршни годишни извештаи кои ќе ги содржат овие податоци. Посебна цел на ова истражување е создавање систем кој ќе ги мери сите аспекти на организацискиот капитал (квантитативни и квалитативни) и предлагање ефикасни методи за трансформација и подобро управување на организацискиот капитал кој ќе придонесува за зголемена ефикасност, конкурентност и вредност на Градежниот Институт Македонија - ГИМ.

## 6. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Д-р Трајковска активно учествува во креирањето на нови наставни програми, придонесувајќи во сите фази од процесот – анализа на потребите, мапирање на компетенции, развој на наставна програма, креирање на наставни материјали и имплементација на курсевите.

Во продолжение е даден преглед на програмите во кои таа има учествувано:

- *Активности во рамки на проектот Промовирање на партнерства помеѓу академија и индустрија преку колаборативна и иновативна платформа - All4R&D*

Целта на проектот е да се поттикнат истражувањата, иновациите, знаењето и трансферот на технологијата во Босна и Херцеговина и Ерменија преку подобрување на стратешките партнерства помеѓу академијата и индустријата. Во првите две години од проектот беа основани 4 Кооперативни Центри за истражување и развој во универзитети во Ерменија и Босна и Херцеговина. Во рамките на проектот се развиени и понудени 50 курсеви и 35 иновативни практики. Д-р Трајковска беше тренер на

предметот Менаџирање со интелектуален капитал и учествуваше во имплементацијата на иновативната практика: Решавање комплексни проблеми во областа на одржливоста и културното наследство со примена на Моделот на креирање рамка на размислување.

- *Активности во проектот „Вградување на платформа за соработка за унапредување на вештини и вмрежување кон одржливи градови“ (Enable)*

Проектот има за цел да се развие методологија за создавање на одржливи градови кои користат мултидисциплинарен пристап (урбанистичко планирање, економски развој, социјална инклузивност, историја, иновации, наследство и туризам). Проектот Enable помага кон подобро разбирање на овие концепти и да нуди решенија кој ќе придонесат кон градење на одржливи градови. Развиената методологија и програма започнаа со имплементација во октомври 2020 година на три факултети, а наставните единици се надополнети со искуствата во форма на предавања и студии на случај, од страна на ИЕГЕ. Во оваа вмрежена настава учествуваат над 60 студенти од сите три универзитети. Оваа методологија за одржливи градови ќе биде пилотирана во градот Прилеп, кој е стратешки партнер на проектот.

- *Активности во проектот Европски центар за извонредност во стручно образование за креирање одржливи системи и бизнис трансформација - CATALYST*

Проектот CATALYST има за цел да развие Европски Центар за стручна извонредност со центри во пет европски земји. CATALYST Центарот е замислен како Европски центар - катализатор за одржлива бизнис трансформација во Европа. Националните центри во локалниот контекст ја прошируваат оваа визија, приспособувајќи ги понудите за да се задоволат специфичните регионални потреби и целните групи. CATALYST Центарот нуди сеопфатен опсег на курсеви, ресурси и услуги насочени кон поттикнување на одржлива бизнис трансформација во Европа.

Едукативната програма е составена од 70 онлајн курсеви и 25 услуги и ресурси. Оваа понуда е дизајнирана да ги поттикне поединците на лично, организациско и системско ниво, опремувајќи ги со вештини и знаења потребни за решавање на сложените предизвици за одржливост. Д-р Трајковска учествува во следните предмети:

- Вовед во интелектуален капитал
- Системско и дизајн размислување за одржливи трансформации
- Поттикнување одржлив раст преку иновациски капитал

## 7. РЕАЛИЗИРАНИ РАБОТИЛНИЦИ

Д-р Трајковска има активно учество на повеќе работилници од истражувачка практика:

1. Меѓународна работилница *„Нови правци на развој за регенерирање на природата, општеството и економијата”,* водена од проф. д-р Вејн Визер, 28-29 ноември 2023, Грац, Австрија;
2. Работилница *„Развој на иновативни патеки”,* 28 септември, 2023 година, Скопје;
3. Меѓународна работилница *„Дефинирање на проблемот и визионерско гледање“,* одржана онлајн, 24 февруари 2023 година;
4. Жива лабараторија *„Усклaдување и кохезија во поставување на проблемот“*, онлајн, 23 септември, 2022;
5. Меѓународна работилница *„Пристап на системски иновации“, 22-23 март, 2022, Турс, Франција.*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност, кандидатот д-р Славица Трајковска, во својот развоен професионален пат има понудено задоволителен број научни трудови, учество во научно истражувачки проекти и образовни активности, од областите на економските науки. Согледувајќи ја целокупната научно-истражувачка активност на кандидатот д-р Славица Трајковска, Рецензентската комисија оценува дека таа ги исполнува сите услови и поседува квалитети да биде избрана во научно звање виш научен соработник. За таа цел, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Научниот Совет на Институтот за истражување во животна средина, градежништво и енергетика – ИЕГЕ, да ја избере д-р Славица Трајковска во звањето виш научен соработник во научно подрачје Економски науки.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска, претседател

проф. д-р Владимир Петковски, член

проф. д-р Ангелина Танева-Вешоска, член